| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на водоводна мрежа во н.м. Стојаково со потисен цевовод до резервоар за с. Селемли, општина Богданци |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | Друштво за градежништво, трговија и инженеринг увоз-извоз ДОМИНГ ЈТД Јован Костадинов Радовиш |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Општина Богданци |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Горан Чаловски |
| Назив на работното место | Проектант |
| Контакт податоци за лицето | ул. Илија Алексов бб.Радовиш. Тел: 032/630 - 240 |

| Основни податоци за планскиот документ | | | |
|---|---|---|---|
| **Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)** | | | |
| Методот за изработка на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план е во согласност со Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 32/20 и 111/23), Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 225/20, . . . . . . и 99/23) и Услови за планирање на просторот за изградба на водоводна мрежа во н.м. Стојаково со потисен цевовод до резервоар за с.Селемли, КО Стојаково општина Богданци тех бр.Y 47723 од 01.2024 издадени од Агенцијата за планирање на просторот. | | | |
| **Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?** | | | |
| Да –нов плански документ | | | |
| **Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?** | | | |
| За предметниот опфат прв пат се донесува проектна документација. | | | |
| **Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.** | | | |
| ДА – просторно и урбанистичко планирање. | | | |
| **Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5)** | | | |
| Да | Член: 3 | Точка: 11 | Алинеја: 4 и 6 |
| **Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.** | | | |
| Да,прилог 2.точка 10 (ѓ) | | | |
| **Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.** | | | |
| Да, површината на опфатот изнесува 2,89 ха , трасата се протега претежно во урбано подрачје. | | | |
| **Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.**<br>Целта на проектот е Општина Богданци да го реши водоснабдувањето во село Стојаково и село Селемли со нов концепт на водоснабдување и да обезбеди рационално користење на водата. | | | |
| **Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)** | | | |

Пренос на водата за пиење до домовите и до резервоарот за вода за с.Селемли.

**Периодот за донесување на планскиот документ.**

2024 година.

**Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?**

При донесување на планскиот документ.

**Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа)**

Трасата на предметниот проектен опфат се протега претежно во урбано подрачје во с. Стојаково и дел од потисниот цевовод во област со пасишта.



**Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.**

Проектот кој е основен развоен документ има крајна цел преку создавање и унапредување на условите за хумано живеење и работа на граѓаните со изградба на нова разводна водоводна мрежа во село Стојаково и нов доводен, потисен, цевковод за село Селемли

**Дали е приложена копија од целите?**

Да ☒

**Резиме на влијанијата врз животната средина**
**(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на**

<table>
<tr><td colspan="2">значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.)</td></tr>
<tr><td colspan="2">Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.<br>Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ можат да настанат од:<br>нерационално користење на водата.</td></tr>
<tr><td>Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата;</td><td>При реализација на планскиот опфат предвиден со планската документација се очекува движење на возила и механизација, но тоа е краткотрајно и нема битно да влијае врз животната средина во целост. Со реализација на планскиот документ ќе се постигне рационално искористување и уредување на просторот, рационално користење на водата и подигнување на квалитет на живеење. Планирано е снабдувањето на селата со вода за пиење да биде константно.</td></tr>
<tr><td>Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето</td><td>Не се очекуваат кумулативни влијанија врз животот и здравјето на луѓето.</td></tr>
<tr><td>Прекугранична природа на влијанијата;</td><td>Нема.</td></tr>
<tr><td>Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи);</td><td>Опасност од ризици врз здравјето на луѓето или животната средина може да се јават како резултат на несреќи и хаварии.</td></tr>
<tr><td>Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната).</td><td>Површината на проектниот опфат изнесува 2,89 ха. а<br>Вкупната должина на усисен и потисен цевовод и мрежата изнесува 11 456,05 метри.<br>Според критериумите на проектирање:<br>Сегашен број на жители 1706<br>Водоснабдителна норма Q0 = 200 l/ден/жит<br>Тип на цевки: Полиетилен</td></tr>
<tr><td colspan="2">Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:</td></tr>
<tr><td colspan="2">Подобрување на комуналната инфраструктура и уреденост на просторот и</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| рационално користење на водите, подигање на квалитетот на живеење. | |
| **Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:** | |
| Областа низ која ќе минува мрежата е претежно во урбано подрачје во с. Стојаково и дел од потисниот цевовод во област со пасишта. | |
| **Посебни природни карактеристики или културно наследство** | Во предложениот опфат, нема евидентирано ниту регистрирано природно наследство.<br>На подрачјето кое е предмет на анализа нема регистрирани недвижни споменици на културата |
| **Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности** | Нема надминување на гранични вредности |
| **Интензивна употреба на земјиштето** | Од аспект на интензивна употреба на земјиштето просторот претставува земјиште опремено со подземна инфраструктура.<br>Е1.15 инфраструктури на водоснабдувањето водоводни мрежи 28.875,82 м2; пумпни станици – 30,22 м2 |
| **Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признат статус на национални или меѓународни заштитени подрачја.** | Нема. |
| **Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:**<br>Преставува иницијатива и инструмент за заштита и унапредување на квалитетот на живеењето и животната средина. Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план е основ за изработка и одобрување на Основниот проект. | |

| |
|---|
| **Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):**<br>Областа низ која ќе минува мрежата е претежно во урбано подрачје во с. Стојаково и дел од потисниот цевовод во област со пасишта. |
| **Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:**<br>**(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)**<br>Со реализацијата на проектот ќе се овозможи рационално користење на водите за пиење и ќе се намали загубата на вода во застарената мрежа за довод на истата до домаќинствата. |
| **Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.**<br>**(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)**<br>При реализација на планскиот опфат предвиден со планската документација се очекува движење на возила и механизација, но тоа е краткотрајно и нема битно да влијае врз животната средина во целост. |
| **Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**<br>Условите за планирање на просторот претставуваат влезен параметар и смерница при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија.<br><br>На основ на Условите за планирање на просторот за изградба на водоводна мрежа во н.м. Стојаково со потисен цевовод до резервоар за с.Селемли, КО Стојаково општина Богданци тех бр.Y 47723 од 01.2024 издадени од Агенцијата за планирање на просторот се одобрува Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план кој содржи и Елаборат за заштита на животната средина, а истиот пак е основа за изработка и одобрување на Основниот проект. |
| **Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот** |

<table>
<tr><td colspan="3">документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претхоходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.<br>Нема спроведено претходна оценка.</td></tr>
<tr><td colspan="3">Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).<br>Изработен е Елаборат за заштита на животната средина тех бр 078/2023 ЕЗЖС од август 2023г. од Друштво за градежништво, трговија и инженеринг увоз-извоз ДОМИНГ ЈТД Јован Костадинов Радовиш и е составен дел од Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план.</td></tr>
<tr><td>ИЗЈАВА</td><td colspan="2">Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот</td><td>Градоначалник<br>Блаже Шапов</td></tr>
<tr><td colspan="2">Бр.<br>Датум:<br>Место: Општина Богданци</td><td>М.П.</td></tr>
</table>